# ЈАС И МОЈАТА ПРИВАТНОСТ



**Дали знаете што е личен податок? Дали знаете дека имате право на заштита на личните податоци? Во овој напис ќе ве информираме за вашите права, за тоа на што треба да внимавате кога давате податоци.**

## Што е личен податок?

**Личен идентификационен податок на една личност е систем на податоци или еден клучен податок што препознава една личност во еден одреден систем за проверка и докажување на идентитетот.**



**На пример, личната карта денес е најпопуларниот - документ за идентификација. Но, покрај неа постојат и низа други печатени документи како на пример: извод од матична книга на родените, пасош, здравствена книшка и така натаму.**
**Сиве овие документи ги поврзува единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБ). Овој број е одреден и добиен по раѓањето. ЕМБ е систем на броеви кој никогаш не се менува и го означува граѓанинот во текот на целиот негов живот. Тој е систем што треба да ги среди и поврзе низата различни податоци и информации за една личност.**

### Дирекцијата за заштита на личните податоци

*Дирекцијата за заштита на личните податоци* е надлежна за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија.

Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) предвидува неколку права:
1. Право на информираност;
2. Право на пристап;
3. Право на исправка и бришење.

## Личен податок е и...

**Меѓутоа, личен податок е и секоја друга информација што се однесува на нас. Секоја информација што упатува на тоа каде живееме, во кое училиште учиме, со кого се дружиме...**
**Исто така, лични податоци се и телефонскиот број, бројот на банкарската сметка, занимањето, видот на образование, псевдонимот, семејната состојба, фотографијата.**
**За да се остварат одредени права, секојдневно им се даваат лични податоци на разни организации, фирми, поединци.**
**Еве неколку примери!**




**Земање лични податоци при пополнување на разни формулари за добивање кредит...**



**Бројот на кредитната картичка на вашите родители кога купуваат во продавница или плаќаат на каса...**



**Оставање податоци за да се добијат намалувања во маркети или продавници, за добивање членски карти во библиотеки, разни спортски клубови за деца; податоци за учество во наградни игри и патувања.**

**Во соработка со**
Дирекција за заштита на личните податоци

Илустрации:
***Б. Арсовска***
Подготви:
М. Софрониевска